15-IV-95

21

КОСТА РАЦИН

Народно основно училиште „Мирче Ацев" • с. Оревоец-Прилепско •

# Песни

ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ 1946

КОСТА РАЦИН

# ПЕСНИ

Народно ... с. Оревоец-Прилепско
... СКОПЈЕ

ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ 1946



*Коста Рацин*

Коста Рацин влезе веќе во историјата на нашата книжевност. Пред нас е споменот за еден предан на народната борба, борбен син на нашиот народ, пред нас се песните, што ги остави еден ретко даровит македонски поет.

Колку повеќе се оддалечуеме од денот на трагичната смрт на поетот и борецот Коста Рацин, толку поживо се открива пред нас името, делото и поезијата на тој поет на македонскиот работен народ. Трагите, што ги остави недовршената во својот развој поезија на Рацин издлабија длабока бразда во неразоранага земја на нашата млада литературна нива. Неговата единствена стихозбирка, излегла под наслов „Бели мугри" и малкуте запазени непечатени стихови, се достаточно указание за тоа што изгуби нашата художествена литература и што уште можеше да даде Рацин како поет на црнотрудовиот народ и на неговата борба за солнчеви денови.

Каков е накратко животниот пат на поетот?

Кочо Апостолов Солев - Рацин, роден на 26 октомври 1909 година, е син на сиромашка фамилија. По немање на средства тој учи до втори разред на гимназијата. После тоа, занаетот на татко му - грнчарството - станue и негов занает.

Уште мал, Рацин прави впечатление на набљудателно и затворено во себе дете. И таја набљудателност и затвореност го споходуе за време на целиот негов живот. Тој малу збори, многу мисли и многу чете. Скоро животот ги отвара широко

очите на замислениот јуноша, на идниот поет. Сиромашијата на неговата фамилија, маките и црниот труд на иљадите негови браќа, и сестри, на сиот работен народ, извикуе протест во неговото срце, го тера да тргне по борбениот пат на отрудениот народ, да управи поглед кон идниот слободен ден. И тој работи, се бори и през сето слободно време е над страните на велики писатели и мислители-патеводители на човечеството и творци на вистинскиот човешки живот. Диалектичкиот материализам му го покажуе патот на величественото изменение. И понатаму го гледаме животот на поетот и борецот: борба, маки, гонења, интернации, затворања, зандани.

Во 1931 година, сакајќи да замине илегално за Хамбург и оттаму за Советскиот Сојуз, е уапсен во Марибор, каде е задржан околу 40 дена во полицијата и оттаму интерниран во Велес. Во 1933 год., принуден од сиромашијата, работи како коректор во редакцијата на в. „Вардар” Скопје. По тоа време стануе провала, раскрита е голема комунистичка конспирација, во која учествуе и Рацин. Изведен на суд, Рацин е осуден на 4 години робија. Лежи 2 година во Сремска Митровица и по силата на амнестија е ослободен. Во 1938 година работи во Белград, во печатницата на в. „Правда”. Изгонет од белградската полиција оди во Загреб, каде ја отпечатуе својата прва и единствена стихозбирка „Бели мугри”. Во 1939 г., заедно со многу другари се најдуе во воен логор. После капитулацијата на Југославија, за кратко време оди на работа како железнички работник во Софија. После трагичното самоубиство на неговиот другар и сограѓанин Коле Неделковски, еден редок лиричен и човечен поет, кој се отепа за да не се даде жив во рацете на полицијата, подгонет од софиската полиција, Рацин се враќа во Скопје. Тука работи извесно време во Народната библиотека. Живеејќи илегално, затворен од скопската

полиција, е интерниран во с. Корница, неврокопско. По враќањето од интернација, бега в планина и оди во партизанските одреди. На 13 јуни1943 година Рацин трагично загина.

Во својата политичка дејност во Македонија, Рацин е еден од првите организатори и инструктори на СКОЈ во Велес. През 1933 г., тој е редактор на в. „Искра" - орган на Покраинскиот комитет на К. П. Ј. за Македонија. Истата година станує провала во Тетово, конспирацијата на „Искра" е раскриена и Рацин паѓа во полицијата.

За време на својот краток но бурен живот, Рацин освен излезената во 1939 година стихозбирка „Бели мугри", има печатени стихови, раскази, новели статии и студии во списанијата: „Литература", „Савремена стварност", „Књижевност" - Загреб и списанието „Наша стварност" - Белград. За новелата „Каменолом", печатена во „Литература", Рацин добива награда.

Коста Рацин израсна како смел социален поет во токот на народната борба за национална и политичка слобода, за повеќе солнце и леб за намачениот наш народ. Во таа непосилна и крвава борба, со стално самообразуење, тој ретко надарен македонски син, се истакна и како редок теоретски и културен работник. Оваа сестрана негова изграденост му помогна да напише стихови, што му одредуат предно место во новата македонска поезија, оттука и во новата југословенска художествена литература.

Уште во 1932 година, кога не само поетите во Вардарска Македонија, но и во цела Југославија, плаќаа данок на напливнатите разноразни литературни школи: експресионизам, импресионизам, надреализам, футуризам и друзи разни изми, кога беа малцина поетите со едно макар и општо изјавено социално гледиште, Рацин, уште тогај, се истакна како напреден поет со конкретно оцртано политичко гледиште. Тоа

најарно може да го видиме во печатената през 1932 г. во колективен Зборник песна „Ватромет” - на српски. Ако и да страда од немалу апстрактност и од една основна умозрителност, во таа песна го гледаме Рацин како поет со една јасно изјавена ориjентациjа кон художествениот реализам. Тука треба да го забележиме и тоj крупен факт од животот и развоjот на поетот, дека по тоа време тоj започнуе да пише песна на своjот маjчин jазик. Еден од првите негови чекори во тоj правец е излезеното во списанието „Књижевност” стихотнорение „До еден работник”. Во 1939 година во Загреб, поетот издава веќе стихозбирка на македонски jазик - ,,Бели мугри”, во коjа што гледаме еден поет со изjавен своjски маниер, со конкретна политичка оцртаност. Само песните од таа стихозбирка да беше ги напишал Рацин, пак ќе беше доста, за да го покажеме како ретко даровит поет. Во неа има песна како „Ленка”, „Тутуноберачите”, „Гатунчо”, „Проштавање” и „Елегии”, што за секоj пат ќе останат како една од наjубавите песна, напишани во нашата поезиjа.

Со стиховите на Рацин, за прв пат во нашата поезиjа, црнотрудовиот живот на нашиот работен народ, народната мака и народната борба, добиjа еден художествено - реалистичен одраз и воспев.

Во целата Рацинова поезиjа црната мака на аргатскиот народ протекнуе како крвава нишка:

„Роди се човек - роб биди,
роди се човек - скот умри,
скотски цел живот работи
за други, туѓи имоти”.

(Денови)

Печалбарскиот тежок живот и тутуноберачката жолта мака - тие се основните теми во лириката на Рацин. По нив тоj ги напиша наjубавите свои песни:

„Ленка” - која што ќе остане како една прекрасна песна на жестоката трагедија на тутуноберачите - скапи жртви, бацени во утрото на својата младост од жолтата гостинка - туберкулозата; „Тутуноберачите”- песна за црнотрудовиот тутуноберачки живот; „Проштавање” - патот на печалбарот и „Татунчо” – печалбарот - борец, што по друмиштата и патиштата на тешкиот печалбарски живот го најдуе патот на борбата.

Крвавата мака на работниот народ, што зараснала како грбина на аргатските плешки и што цел живот ги души бедните синови на нашата вековно заробена земја, во стиховите на Рацин е дадена со непосредна сила, со една простота и непринуденост на чувството, која го грабнуе читачот и го истргнуе од него моќниот протест против крвавата социална неправда. Не еден пат поетот, кој што сам го испитал на својот грб „скотскиот живот аргатски - од лулка до гроб - ”, отправуе една прашање, една страшно прашање, што нема да задоцни да се преврне во закана:

„И кој раздвои, и кој раздвои
човек од човек со ѕид?
И кој направи, и кој направи
човек на човека роб!”

(Елегии)

Но рацин, кој што помина по борбениот пат на борбеното работништво и кај што арно знае, дека во „животот човешки може да има дигање и паѓање”, но наспроти тоа погледот секој пат да е отправен кон идниот светол ден - не може да пее песна само за црна мака и чемерна несреќа. И ако тој пише за нечовешкиот аргатски живот, и во кои песна може да се најдат места, што откриваат една прекрасна изразена и изобразена човешка болка:

„Ископајте длабок бунар,
извадете ладна вода -
натопете лути рани -
да не горат, да не болат”.

(Елегии)

таја црна болка не ја дава како нешто непроменливо, како непроменлива судбина - така наречениот црн жребиј, кој што е лајтмотивот на декадентската поезија, а поскоро да даде реалистичен одраз на една стварност и побргу да го разбуди гневот на намачениот народ, да му ги открие хоризонтите на новото што иде и да го подигне на смела и докрајна борба за ослободуење

Рацин во својот бурен и борбен живот разбра една основна вистина - патот на борбата. Поетот треба да биде пред се борец, да фрла огин во срцата на луѓето, да ги мобилиаира нивните задремени сили и да ги разгори на борба за рушење на робијата, на готовност за строење на вистинскиот човешки живот. Во тоа, и само во тоа, поетот го најдуе правецот на човешкиот живот, тука ја достигнуе највисоката среќа.

„Ако куќа не направив
со високи шимшир порта,
куќа цел свет братски ми е -
братски срце што отвора,
срце - порта највисока,
срце - порта најширока”.

Силното борбено чивство во стиховите на Рацин, ако и на некои места да звучи малу лозунгово, не се јавуе како шаблонски позив, како празен ораторски говор и демагошки дитирамб, но како една чувство што врие во самиот поет. И токму затоа, лиричниот патос на Рацан е непосреден и одеднаш не

грабнуе и не прави смели и силни.

Здравата и напредна идејност на поетот е мајсторски канализирана во секој негов стих. Неговото основно познавање на животните прашања му поможуе да спроведе во својата поезија една социална тенденциозност, која што не е чисто лозунгарски и плакатно, а художествено - реалистично спроведена. И што е најважното овдека, Рацин се изјавуе како поет со тенок усет кон типичното. Тоа најарно се гледа во неговата песна „На Струга дуќан да имам", која што сама по себе дава материал за цела една критично - социологична студија. Тоа е навистина една ретка художествена творба на еден поет со размахот на смел критик - реалист. Во неа, со реалистична и психолошка правда, Рацин ни ја открива сликата на разрушениот еснафски бит. Целата трагедија на еснафлијата кој што се јавуе бессилен да го разбере новото време, блеснуе пред нас со ретко внушителна сила. И тој жалок син на едно динамично време на величествено изменение и тогај кога целиот негов бит е разрушен, станал веќе легендарна прикаска и пиејќи „вино на вересија", пак си останue со единственото сакање:

„На Струга дуќан да имам,
на кепенците да седам,
да видам, само да видам
и на кепенкот да умрам!"

(На Струга дуќан да имам)

Но силата и воздејствието на Рацин како поет на ново време иде не само од неговата конкретно изјавена и стегнато оцртана напредна идејност, но и од неговата жива и образна художественост - од полното единство на сето тоа. Лириката на Рацин се открива со еден широко изјавен својски, рациновски маниер, со едно непосредно изживено чувство на лиризам. Оттука идат и неговите внушителни художествени образи:

„темнината пие силно светнал ден”, „срце - куќа најширока”, „срце - порта највисока” или „солнце да запре да стои и времето зачудено”. Станал веќе мајстор на стихот, Рацин достигнуе еден звучен, строен, образен и одмерен стих:

„Тешката тага, тешката,
тешката тешко засвири!
Севда е тешка, голема,
уште потешка прокуда”!

Тезите и антитезите како средства на художествено воссоздавање, исто така не му се туѓи на Рацин:

„Пилците пеат - ти плачеш,
солнцето грее - ти темнеш”.

Во поезијата на Рацин сретнуеме и немалу јазикови достиженија. Тоа го јарко истакнуе како еден редок познавач на нашиот јазик и тоа уште повеќе се наложуе кога се има пред очи, дека Рацин започна со поезија токму во самиот почеток на литературното оформуење на македонскиот јазик. Одличен познавач на нашата народна песна, која за нас Македонците за долго време ќе остане здравиот извор на јазиково творчество, од кој што треба да црпиме со полни раце, Рацин напиша прекрасни стихови по мотив од народните песни. („Ленка”, „Татунчо”, „Елегии” и др.) Но тој, макар и да ја исползуеше народната песна и да се учеше од неа, не остана со нејзините художествени средства. Народната песна му послужи салмо како основ и тој врз тој основ започна да гради едно навистина ново, модерно по форма и содржина художествено творчество. Запознат од основа со прашањата на општата теорија на искуството, тој арно

знаеше дека повикот на новата поезије е: новата содржина ја гони новата форма и самиот тој тргна кон истото. Најарно постигнато го гледаме тоа во „Копачите”, каде Рацин достигна дејствително една нова содржина, облечена во една нова форма. И самиот стих тука е даден во еден нов, „мајаковски” строј, во една ударничка метрика:

„Се к'ти ноќта црна!
Се рути карпа - мрак!
и петли в село пејат
и зората се зори -
над карпа в крв се мие
и темнината пие
силно
светнал
ден!

(Копачите)

Ако и да се сретнуе во некои строфи губење на ритамот и неправилност на римата, ако и да не достигна еден полнокрвен револуционен патос и погледот на еден конкретно изјавен револуционен поет, ако и да не застапа исцело на позицијата на художествениот реализам, тоа што го напиша Рацин ќе остане како художествено реалистична вредност од прво значение за нашата нова поезија. Тоа што тој ни го остави е најарното указание, дека тој многу и многу напред ќе одеше. Неговата последна работа, пишана во планина, поемата ,,Јане Сандански” покажуе јасно дека Рацин со смели чекори врвеше бргу кон својот полен художественореалистичен расцвет. Во таа поема, каде што е оживен и израснуе во моќни и правдиви художествени контури великиот Јане Сандански, го откриваме не само новиот и конкретно оцртан модерен поет - художествен реалист, но и идниот голем поет на нашиот национално -

револуционен епос. Од друга страна, во поемата за Сандански која за жалост поетот ни ја остави недовршена и во првата копија, и во песната „На Струга дуќан да имам”, ги откриваме богатите заложби на еден добар белетрист.

Со горчива болка треба да одбележам дека голем дел од непечатеното творчество на Рацин е изгорено. Романот му „Опиум” е изгорен од големосрпската полиција уште во ракопис. Во 1942 г., после арестувањето му, неговата хазајка во Скопје од страв да не ја најде полицијата ја изгоруе неговата непечатена лирична стихозбирка, за која имам сведенија дека била пишана през летото на истата година кога Рацин бил на лечење во Охрид.

Сето тоа, што Рацин го беше започнал и бргу го достигнуеше, остана недовршена. Ранната и предвремена смрт му попречи да го достигне расцветот на еден голем поет на нашиот народ. И токму за таа, ние денеска кога ја градиме нашата млада художествена литература, ја сеќаваме празнината што ја остави Рацин. Баш денеска тој ни беше најпотребен. Баш денеска многу и многу напред ќе отидеше во својот творчески развој.

Нашата млада литература загуби неискажано многу со ранната смрт на тај ретко даровит македонски син. Но ние сме пак среќни со Рацин, затоа што нашата вековно намачена, но храбра татковина родила таков свој син. И денеска пак Рацин ќе биде светлиот пример од кој што ќе се учат нашите млада поети. Негавата борбена поезија за секој пат ќе биде едно указание за таа како треба да се пише поезија што да му служи на животот.

Димитар Митрев

# БЕЛИ МУГРИ

## Денови

Како на вратот гердани
ниски камења студени,
така на плешки денови
легнале та натежале.

Денови ли се - денови
аргатски маки големи!

Стани си утре порано,
дојди си вечер подоцна,
наутро радост понеси,
навечер тага донеси -

ај пусти да е, пуст да би
останал живот кучешки!

Роди се човек - роб биди,
роди се човек - скот умри,
скотски цел живот работи
за други, туѓи имоти.

За туѓи бели дворови
копај си црни гробови!

За себе само 'ргај си,
за себе маки тргај си -
нижи се гердан денови,
нижи се алки ковани,

нижи се синџир железен
околу вратот навезен!

## Печал

Нема ли живот, нема ли
љубов за живот голема,
љубов за живот човечна
у вија гради аргатски!

Нема ли срце - нема а ли
срце - на срца срцето,
срце - ширини широко,
срце - длабини длабоко,
цел свет да збере, па да е
за вија гради малечко?

Нема ли бел ден, нема ли
ден да е над деновите,
ден да е на аргатите -
ден - солнце вишен високо,
ден - море ширен широко;
солнце да запре, да стои
и времето зачудено:

срцето пука обрачи
и плиска знаме алово,
срцето што се отвора
и шири ширно широко
целиот свет да загрне!

## Селска мака

Покрајниви, покрај лаки,
покрај снискине брегови,
вода тече - вода влече
селски солзи, селски мака
селски таги и јадови.

Извор вода извираше,
плодпо поле наливаше -
плодно поле род народи.

Ноќи чума ли одеше,
плод од поле ли береше -
амбар селски пуст остана!

Солнце светло ми светеше,
гора ми се зеленеше -
в гора пиле песна пее.

Камен ли му в гради легна,
стија ли го в коси стегна -
срце селско - векот тажно!

Кој ја сипе, кој ја роси
тaја слана што покоси
по нивјето пшениците,
по лозјето гроздовите?
Та се житце не зелени,
та се грозје не румени,
та од пуста селска мака
аир нема дур од века?

## Тутуноберачите

На кантар студен со туч го мерат
можат ли да го измерат
нашиов тутун - нашава мака,
нашава солена пот!

Од темни зори на утрини летни
до никоа доба на вечери зимни
тој гладно пие тагата наша
и потта и крвта и снагата ни.
Жолт - жолти прави лицата бледни,
жолта госгинка у градите носи.

По утрини росни, по мугрите пресни
зачмаени ние го береме.
Лист по лист кини
лист по лист нижи
лист по лист превртуј, притискај,
лист по лист милно, таговно реди
и на долга низа од капки пот
надеж со клетва и зелена јад,
со корав поглед на очите матни,
по кревките лисја жолтозлатни
прикаска горка на живот клет
нанижи безгласна а така јасна.

Та незнаш ли ?

Денот ли дојде тој да се мери -
мерка му нема, а в градите длаби
без да се запре, без дно да најде,
не тага а клетва, и в очите матни
и не сакајќи сама се дига
фуријата.

Кантарот носи лисјето златно,
а в гради луто далгите беснат
на жолтата мака - на жолтиот тутун,
на жолтата пот на раците ни!

## Ленка

„Билјана платно белеше ...“

Откако Ленка остави
кошула тенка ленена
недовезена на разбој
и на наломи отиде
тутун да реди в монопол -
лицето и се измени,
веѓи паднаја надолу
и усти свија кораво.

Не беше Ленка родена
за тија пусти тутуни!
Тутуни - жолти отрови,
за гради - китки розови.

Прва година помина,
грутка в срцето и легна:
втора година намина,
болест ја в гради искина.
Трета година земјата
на Ленка покри снагата.

И ноќе кога месечко
гроб и со свила виеше,
ветерчок тихо над неа
жална и тага рееше:
„Зошто ми, зошто остана
кошула недоткаена?
Кошула беше даровна ...“

## Проштавање

На печалбарите

Не ли ти кажав, не ли ти кажав,
не ли ти реков на проштавање?
Ич не ме чекај, ич не ме пекај;
Белград е ламња, во Белград ја роб
снага по туѓи палати оставам,
снага во усти несити клавам,
и дома - дома не ќе се вратам,
не ќе ги пијам очите твои
не ќе ја галам снагата твоја -
далеку негде сувата рака
по тебе, Вело, пустата мака
пуста ќе остане ...

Знам оти гердан веќе не нижеш;
знам оти чеиз и ти не везеш;
знам, Вело, пуста остана сичко
не ли си и ти аргатка клета?
Тутуни садиш, тутуни нижеш;
тутуни таговно у монопол редиш;
ме споменуваш и ем си жалиш
денови - крепи тешки си редиш -
Величко, мори, другачко златна!

Но почуј, Вело, што ќе ти кажам!
Не ми се, Вела, жали и клети!
Подигни очи - очи засвети,
онија очи, што душа горат!

Тој што ни, Вело, однесе сичко -
тој ни остави од темно темен
веков за мака - но и за борба.
Има ги вој свет како нас многу!

И има, има - мачат се, копат,
копачи копат по темнината,
копачи копат и тунел дупат.

И има, има - радост голема
радост длабока во темнината:
да светиш, Вело, жар да се стопиш -
во борба гроб ти душа не зема!

## Балада за непознатиот

Натаму - в поле битолско
чемрее врба проклета -
под врбата гроб незнаен,
в гроб лежи војник непознат.

Лежи од војна световна,
лежи - и веќе земјосал -
силна го тага изела,
задека туга загинал.

Никој крај него немаше
вишното небе врз него,
земјата скришна под него -
над гробот врба стушена.

А таде - в гори зелени
в сума гробишта лежеа,
делии - одбор јунаци
за татковнината паднати.

В полноќ се над нив дрвјата
од жалба силна свиваа -
горските бистри езерца
силна светлина светеа.

И од ним - самовилите
една по една идеа -
од гроб до гроб го дигаа
јунак до јунак - на оро.

И кога сите минеа
покрај врбата стушена -
делии се запираа,
незнаен брат си викаа:

„Ја стани, море, јабанец
на оро со самовили!
Зора се зори - петлите
скоро ќе в село пропеат!“

А тој од гробот тепкаше
дума врз дума чемерна: -
„Минете, браќа, врвете,
не сум ви лика - прилика!

Кој умре за татковина
и за човечки правдини -
каде вас, братко, не гинел,
со вас до векот живеел.

Вие му песна пеете,
вие го с песна жалите -
така се сите раѓате
и така си умирате!

А тука - зашто паднав ја?
зошто ме куршум прониза,
зошто ме земја притисна -
за кога лудо загинав?

Кажете, браќа, кажете,
Кажете - па поминете -
мене ме ништо не дига,
мојата смрт е - карасмрт!”

Делии глави веднеа,
немеа самовилите -
тешко на тија, горко им
така што гинат на војна!

Немеа - туку петлите
в селото веднаш писнаа -
самовилите в горите
с делии в раци лиснаа!

Пусто остана полето,
пусто зазори зората -
чемрее в поле врбата,
чемрее - тажи непознат.

## Елегии за тебе

1.
„Чернеј горо, чернеј сестро!...“

Вчера си појдов, наминав
низ таја гора зелена,
под тија буки високи,
по килим сенки широки.

Одев со глава замаен,
наведнат, мртов, зачмаен;
одев со грутка на срце
и каракамен на гради.

Деј гиди горо зелена!
Деј гиди водо студена!
Пилците пеат - ти плачеш,
солнцето грее - ти темнеш.

Ако ги криеш коските
на дели млади јунаци
тука што лежат по тебе
во тија темни дубрави -
зошто ги таиш песните

Зошто по тебе дрвјата
и на дрвјата гранките
и на гранките лисјата
шумолат скришно таговно?

2.

Таму горе на небото
зора руди, земја буди,
ден морави шири крила
и алова точи свила,

таму зора црвенее -
мое срце ми црнее.

Ископајте длабок бунар,
извадете ладна вода,
натопете лути рани
да не горат, да не болат.

Зоро златно и румено!
Зоро слатка посестримо!
Ти изгреваш на далеку -
да ли еднаш ќе изгрееш
силно, силно, дури милно
над долови и над гори,
над полиња и над реки,
над мојата татковина?

3.

Два брега - двата стрмнини.
А од брег на брег танок мост.
Под мостот вода морава -
тече и мие ранава.

Тече од векот вековит
и нова и се по нова,
тече, а тука маките
се стари и се постари.

Тече и влече со себе
сичко што стои пред неа,
а на брегови животот
чмае у троскот зараснат!

Течи си водо студена!
Течи си - рони брегови!
Течи - и нам низ срцето
не ли и крвта ни тече?

4.

Скотски е, скотски живот аргатски
у темно заѕидан,
до скот сме сниско попритиснати
на овој свет убав.

Кој ви ги скрши белите крилца,
крилца на галаби бели?
Кој ни замати извори бистри,
извори на души чисти ?

И кој раздвои, и кој раздвои
човек од човек со ѕид ?
И кој паправи, и кој направи
човек на човека роб!

Та човек од човек
да страда
и тегне
и бега
од лулка до гроб!

5.

Ти да знаеш, паметуваш
и ем да си на ум имаш -
работник си - и работник
ти ќе паѓаш и се дигаш.

Луњи ли ќе пусти дојдат,
солнце ли ќе јасно грејне
патиштата, патиштата
пред тебе се на борбата.

Како смртта вечна што е,
така борба долго трае.
Но од смртта е посилна
по патиштата борбата!

6.

Исцедете, ограбете
пот и труд и меса голи,
уста пуста затворете,
да не каже оти боли.

Очи црни ископајте
да гледајат не давајте,
раци машки прекршете,
срце лудо наранете.

Угаснете и светлини!
Мрак да биде - каракамен.

Има, има - в темнината
нешто живо пак да свети:
има болка на душата,
има души наранети.

Болка боли - болка гори,
болка пече, душа мори.
А болката кога свети -
тешко, тешко, тешко клети!

## Утрото над нас

Од далечнините модри се веат
на солнцето златните далги,
од далечнините модри се леат
на утринта росните влаги.

По долги, меки ширини рамни
магла се тенка крева,
по селата мали - заспали
шумоли скришно врева.

Шумоли в срце тага налева
за црноземните робја,
шумоли скришно за мртви полја,
за села и градови - гробја.

Ех, тија долги ширини рамни!
Ех, таја мака пуста!
Мртви и темни сурови гламњи,
скршена гранка маслинка!

По тија пот се човечка дими
и снага крвава цвили,
по тија радост никога нема
а солнце радосно има!

Но тија росни утрини пресни
копнат во гради и тлеат.
Копнат и како бура пеат
и како огин палат.

## Татунчо

На Бана

Не ме колни, не ме жали!
Не ми нижи низа клетви!
Камен тежок живот ми е,
а по тежок одзив пусти
по народни думи свети!

Ако куќа не направив
со високи шимшир порти,
кука цел свет братски ми е,
братски срце што отвора,
срце - порта највисока,
срце - куќа најширока.

Ако жена не донесов,
ѓул - трендафил во одаја,
верна, добра млада љуба -
не ме колни, не ме жали:
во борбата другарката
солнце сјае, солнце трепти!

Ако млада си години
по друмишта, по патишта
в младос горка распосејав -
погледни ми право в очи:
ти ли беше што пееше
„Ајдутин мајка ме рани ...“

И ако не умрам дома,
туку кај што стии пиштат,
в борба искри кај што л'штат
блазе, речи, на сушата -
има зошто душа да е!

## На Струга дуќан да имам ...

„Занаетот е златен ...“
Народна пословица

1.

Изгори, мерак, изгори,
изгори - пепел се стори!
Сал не скоривај јадови
на стари, добри мајстори!

Времиња тешки дојдова,
уште потешки прокуди;
од ден на ден се умира
душа бере с години.

Не пеј песната страдална -
в гората капат лисјата,
водите течат - ронат брег
и влечат млади јасики.

Чаршиите изумреа,
дуќаните запустеа -
пропадна сичко, прокопса
занает златен - 'рѓоса!

2.

Ние имавме чаршии
и рој - кошница пазари
и ред ведени маази
полни, преполни со стока.

Слегнеш ли долу в чаршија,
минеш ли покрај дуќани -
пукот и врева - работа
и алтан полно чекмеџе!

Сами ковавме кондури,
правевме бочви, мотики,
с нашите раци мајсторски
дигнавме бели градови.

Кој ни ги срина, кој ни ги
очумаве градовите?
Кој ни запусте, затвори
дуќани, куќи високи ?

3.

Наквечер дојди, наквечер
наквечер - в прва темница,
мини го прагот раскапан,
влези во трошна одаја,
на миндер седни накривен
со каракамен на гради:
каде е, каде радоста,
каде е куќа весела?

Штамата чмае, штамата
дебнее пуста проклета,
како ли, боже, чумата
в косите сичко стегнала.

По сокаците чекорат
кондури с клинци ковани,
штамата сечат с ножови
и пијат вино румено.

А в бафчи трендафилите
слушаш ги - со темницата
шепотат севда без мерак,
шепотат - златни времиња!

4.

Прикаски си останаа
старите бочви со вино!
Прикаски болни, таговни
грутки во срце снеговни!

Раскапани, буѓосани
со обрачи, 'рѓосани,
по темни изби мемливи
ријат ги црвци смрдливи.

Никој не кова, не прави
старите бочви големи!
Старите бочви - преполни
со рујно вино црвено!

И ноќе - слушаш! - баботат
по бочвите сајбиите!
Деца се плашат - бегаат
сништа за стари времиња ...

5.

Банки дигнаа палати,
распнаа мрежи широки,
банки дигнаа палати
и кули тенки, високи:
нагоре кула висока,
надолу земја длабока.

Од сичко носат кајмакот,
од потта цедат го сокот;
од сичко носат кајмакот,
маката нам оставаат!

Банки дигнаа палати,
банки на нови имами,
кондури друзи коваат,
с мотики гроб ни копаат -
пајдоса, златен, 'рѓоса
нашиот чесен занает!

6.

Ај на наломи излези,
бело Фиданче писано,
прошетај долу в чаршија
кога седам на кепенци!

Ако со око погледнам,
око е - да го ископам;
ако со рака посигнам,
рака е - да ја исечам.

Но ако срам ме залиса,
оти сум жив а закопан,
кажи ми, кажи, Фиданче,
кај да се кријам со лице?

Мајстор бев и устабаша,
мајстор бев - станав чираче:
за борч продадов дуќанот,
за борч продадов алатот -
с две раци сум, и тија две
скапаја се без работа!

7.

Тешката тага, тешката,
тешката тешко засвири!
Севда е тешка, голема,
уште потешка прокуда!

Наточи вино крваво!
Наточи на вересија!
Донеси да ја коваме
на Крали Марка сабјата!

В горите лисја капале -
в избите веди м'скајат!
В поле над млади јагнца
ножеви остри л'скајат.

На Струга дуќан да имам,
на кепенците да седам,
да видам, само да видам
и на кепенкот да умрам!

## Копачите

Се к'ти нонта црна
Се рути карпа - мрак!
И петли в село пеат
и зората се зори -
над карпа в крв се мие
и темнината пие
силно
светнал
ден!

Пробудете се, морни
копачки и копачи -
на трудот
црн
народ!

Со мотика на рамо
за корка сува леб,
по патиштата стрмни,
по полињата рамни,
у вивналиов ден -
да тргнеме и ние
страдалници од век!

На деда Богомил
земјата рофка, мека,
нанабрена за род,
со страдна душа чека
ударите ни јаки
со мотиките остри
по троскот
пелин
трат!

На работа!
На труд!

Да прокопаме меко
полињата родни,
афион, тутун, житце
да родат благородни.

И по кривите вади
да пропуштиме води
за оризите млади
и зелени лободи.

На работа!
На труд!

Да роди род богат!
Да бликне живот млад!
На пепел троскот, пелин
во огин пламен јад!
Жилите да пуштат
корења длабоко,
плодови да бликнат
високо, високо
слободно
на воздух!

Ораме со рало,
но земјата ни златна
колку е богата!

На пепел троскот, пелин!
Во огин пламен јад!

Да престане, да снема
тагата голема
за голиот живот
на човек
станал -
скот.

И в таја мугра пресна
да екне дружна песна
на дружните удари -
да бијат срца млади
и растат силно гради
пребликнати со јад!

Од сички маки тешки
не видовме бел ден,
а од солзи жешки
не стануе меден
нашиот живот!

На работа!
На труд !

Та не сме саде ние,
та не сме саде тука -
ние сме по цел свет
безбројни
милиони,
на трудот
црн -
народ.

Да биде честит денот
и првата ни стапка
у првиот ни век!
Ќе мине силен ек
ќе б'сне солнце златно -
по секаде на светот
ќе згине срамно гнетот -
ќе л'сне живот нов!

И реки ќе потечат
и бреме ќе одвлечат
на вековита смрт!
Реките од живи
и пробудени сили
на копачи
копачки
и страдни
голи
гладни
по целата земја!

Се к'ти ноќта црна!
Се рути карпа - мрак!
И петли в село пеат
и зората се зори -
над карпа в крв се мие
и темнината пие
силно
светнал
ден!

# ДОДАТОК

## Сандански

- поема-

I

Од село бил.
Сиромав.
За маки селски тој знал
и за борби селски -
од мал.

Со шупелка свирел
и овца пасел
и замаен -
често слушал:
ветерот веел
гора лулеел
и в буки чести
ајдучка песни
пеел ...

Пирин Планина,
ајдучка мајка,
со млеко го прва
доила;
Пирин Планина,
ајдучка мајка,
за борба го прва
учила!

Со шупелка свирел
и раснал орел -
Ел Тепе гордо
на Пирин бел -

со шупелка свирел
и овци пасел
и дете уште -
видел:

Татко му
бајрактар
по Пирин Планина
ајдучко знаме развел,
од Кресна и Разлог
народот селски
на борба
повел ...

А после прокуден
од тиранин проклет
оставил в пепел
мајчин кат,
и скитник со свои
по белиот свет,
се приобрал
пролетер
в далечен
град.

И с чеканче в рака -
од мугра до мрак -
тој клинци на кондури
ковал,
и в горки неволи
на живот недраг

през огнени сништа
сновал.

Живеал
в маки
и кална пот
сред ропство и срам
и дни безнадежни,
но орел сам -
сред тој живот
тој назрел висини
и врвови снежни:

распалил гради
и в занос цел,
Чернишевски,
Писарев,
тој жедно
чел.

И в бујна младост
за Гоце узнал,
за дело народно
свето,
тој следел по стапки му
верен другар -
живот и смрт
за делото
дал.

И срамно намразил
ропство, мрак,

и смртно заљубил
Родина,
тој вивнал,
на ропство згазил,
тргнал
титан по Пирин Планина.

Во секое село,
во секој град
го знае стар
и млад:
Сандански -
цар
Пирински!

По Разлог и Банско,
Неврокоп, Среско
царство му ширно -
слава голема
што цар ниеден ја нема:
на сето робје
е мајка,
за душмани е -
стра,
трепет!

На бој ли тргне -
ала се крева
и веда м'ска
и змија с'ска.
Битка ли бие -
луња се вие!

Срце му топла
пазува братска
за секој
под гнет и јад:
рисјанин, Турчин,
Грк и Вла -
за него е
равен
брат.

А рака машка
веда е лута
што паѓа
над тиран клет,
слаб да поткрепи,
прав да одбрани,
да одмазди
зло - за зло.

## До еден работник

Да бидеш човек, да имаш топла крв,
да мислиш со глава и работиш со рака
и па да бидеш нешто мртво.
През цел свој живот и ден и ноќ
да се трудиш и мачиш
и па да бидеш гладен и страден.

Работник - патник:
да немаш ништо, да страдаш за сичко,
ти и твоите браќа да праите се!
Палати да праиш,
да живееш у изба -
од лулка до гроб
да бидеш роб.
Од вашата мака
да живеат друзи !

О братко! Плукни на таков живот!
Со браќата твои, со маката ваша
сронете го овој свет
и нов направете -
братски!

## Ватромет

Загонетно огрнут плаштом **Дух Свију Ствари** застаје у ходу тајанством пошкропљени пути дијалектички скречу улево: злокобно штрче мртви димњаци фабрика у небо,
злослутно умукле пискаве сирене
и локомобиле, динамо - машине
и волта - метри -
укочено
стали.
Лагано
попут немог трзаја сунцосмираја
наступа апокалиптична ноћ, и
невероватно!
као облачна сен плази поврх свију ствари неумитна Противуречност,
обарајући мамутском снагом громобране света!
Противуречпост!
Педесет милиона скапава од глади,
а свет се дави у изобиљу,
педесет милиона је сувишно за ову планету
и они се могу селити на Марс, на шести и седми континенат
само не овде,
само не у порама грбаве планете Земље
где је стопа свака
мета
профита
бога злата
или овде
где срж балканске земље
сише француско злато!

Све су ствари постале коначан чвор!

Небом се титрају одблесци далеких пожара,
тресе се грбава кугла -
дубоко закопана у потсвести
тиња
и цепа мозгове оријашка мисао Коначне Промене,
коначног Расплета
и великог Разрешења -
гле!
из пушљивих предграђа не избија
филантропска строфа,

већ мржња!
Подмукли тресак тутњи махнито -
коначан Расплет динамитском чежњом
завршава предисторију света
овамо!
синови челика
великих коксових пећи,
децо земљине утробе
и огромних динамо – машина -
овамо неимари!

Минирана је сабласт бога Тишине и Реда,
господин бог се дави у златном грчу,
На Стриту је паника -
величанствен ватромет противуречности
открива вам пут давно сневаног континената,
немоћан је стари бог за нове ствари и нови ред
и пао је у диалектичку клопку -
неимари на кормилу
право на шести контииент!

Беда окреће своју другу страну -
каква тужаљка, ритам или плач!

Гори!
Небо гори!
Крваре небо варнице чудесног ватромета,
на истоку пуца праскозорје,
свиће -
на гаришту горућих противуречности
стоји путоказ -
и ђиновски Човек
мишицом, гвожђем и муњом
гради -
Нови Свет!

Гледајте!
Гледајте!

Отворите очи,
уши
и уста!

Овамо мишице
умови,
прецизна мисао -
смелост!

То није да небо у задњим одблесцима сунца перверзно крвари,
то нису водена огледала и сличне измишљотине
беспослених будала,
то је агонија једног умирућег реда ствари,
ломњава и крах,
тајанствено знамење вапијућих за променом
и свеобухватно откупљење
у нама самим,
ван нас,
последњи пут
за увек!
Гледајте!
Свиће
у противуречностима